**Проф. д-р Милева Ѓуровска**
**Институт за социологија**
**Филозофски факултет-Скопје**

# УЛОГАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО СОЗДАВАЊЕТО ПОВОЛНИ УСЛОВИ ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## Општествено-интегративната функција на образованието

Во модерните општества образованието истовремено остварува повеќе мисии. Пред с# мислиме на мисијата на стекнување знаење т.е описменување и учење. Меѓутоа, покрај оваа основна мисија образовнието има и други мисии што произлегуваат од потребите на поединците и на општеството. Се чини дека денес поединците имаат поголеми потреби од образование, од тоа што било во минатото. Перманентно е зголемувањето на бројот на оние што се школуваат на сите нивоа (основно, средно, високо, магистериуми и докторати). Така во Република Македонија во моментов во школските клупи на сите нивоа седат околу 380 000 ученици, а тоа е речиси 19 отсто од вкупната популација. Тоа истовремено значи дека постои огромна армија на едукатори (наставници и професори) кои се вработени во образованието т.е околу 20.000 во основното и средното образование и 1.335 во високото образование. Кон овие податоци треба да се додадат и оние што се однесуваат на дополнителното образование (курсеви, доквалификации, учење на странски јазик и сл.), со што ќе се докомплетира сликата за македонското општество во кое доминира образованието. Се разбира, оваа фактографија е блиска со онаа која се однесува на развиените општества, кога на преден план го поставуваме бројот на учениците, образовните институции и бројот на наставниот кадар. Но, квантитетот не секогаш ја презентира суштината.

Денес образованието е мошне значаен систем, посматран одвнатре, како организација со сите структурни сегменти кои

бараат да бидат добро координирани и организирани, но и како институција која има значајна мисија во општеството. За неговата значајност и масовност говори и фактот дека во развиените земји се одвојува околу 20 отсто од буџетите (за Франција).

Една од позначајните мисии на образованието, на која често упатуваат социолозите, претставува општествено интегративната мисија. Во овој контекст образованието е претставено како дејност со која постарите генерации ги подготвуваат помладите генерации за живот во општествената заедница. Така и во овие размислувања повотрно се подвлекува мисијата на образованието за стекнување знаења и развој на одредени вештини за некое занимање. Меѓутоа, изборот на образованието и перспективата на идното занимање значат дека веќе поединецот добро го има проанализирано општеството и дека се стреми кон интеграција т.е. барање свое место во општеството. Со тоа образованието посредно се стекнува со уште една општествена мисија, а тоа е мисијата на регрутен механизам кој ги распределува поединците на различни места во општеството. Колку оваа мисија поуспешно ја врши образованието, толку повеќе општествата се понапредни, во кој контекст зборуваме и за т.н. отворени општества или за високо интеграни општества поврзани на "органски начин".

Интегративната функција на образованието ја гледаме и во процесите на идентификација. Низ образованието поединецот поминува низ процесите на идентификација т.е. стекнува свест за сопствената припадност кон основните социјални групи. Такви групи се нацијата, социјалната класа или социјалниот слој, етничката група и слично. Се истакнува дека поединците кои се школувале според ист едукативен систем веќе имаат стекнато свест за заедничка припадност кон пошироката заедница т.е. нацијата. Еден едукативен систем ги поддржува и ги пренесува симболите на поширокта заедница (химна, знаме, грб, значењата на јазикот, културата и сл.). Учејќи ги хероите од историското минато, но и сегашноста, се создаваат модели на однесување што ги зближуваат поединците.

Една од најзначајните општествени суспстанци што се пренесува преку образованието претставуваат вредностите кои се тесно поврзани со иднината на општеството. Имено,

вредностите се идеали или цели кон чие остварување тежнее секој припадник на некоја општествена заедница и тоа на еден многу специфичен начин т.н. несознаен (потсвесно). Тоа се соништата што ги поврзуваат поединците во едно заедничко делување како на пример: желбата за слобода на сопствениот народ, верност и пожртвуваност кон нацијата, трудољубивост и респект кон материјалните богатства, респект кон религијата, почитување на сопственоста и т.н. Најголем дел од вредностите иако тие се учат на многу специфичен начин, не сознајно, се стекнуваат и се пренесуваат преку образованието.

Интегрирано е она општество во кое сите негови припадници прифатиле исти вредности иако тие се разликуваат според групната припадност (класа, народ, религија, јазик и сл). Така, на пример, во модерните општества исти вредности се прифатени од различни социјални слоеви подеднакво т.е и работниците и менаџерите подеднакво тежнеат кон материјален успех иако шансите на двете групи не се подеднакви. Така, тенденцијата да се формираат паралелни и независни едукативни системи во Република Македонија, македонскиот и албанскиот, ќе ја намали кохезиванта сила на општеството доколку тие поддржуваат различни вредности т.е. цели на групите што по природата на нештата имале одреден степен на заедништво (заедничка територија, комплементарни економски активности и сл).

## Образованието во услови на глобализација

Овде нема да навлегуваме во природата на процесите што доведуваат до глобализирање, поточно до создавање односи на меѓузависност и заемност меѓу општествата на светско рамниште. Без оглед дали пред нас ќе ги поставиме песимистичките факти на глобализацијата, со објаснувањата за растечката дезорганизираност, несигурност, зголемена алчност и конкуренција од секаков вид, или оптимистичките факти кои ни презентираат слика на зголемена слобода и зголемени можности, ние овде ќе појдеме од очебијниот факт за малата развојна перспектива на општествата коишто поради одредени причини останале во изолација. Без сомнение македонското општество, за сега, е едно

од најизолираните општества, не само во регионот туку и пошироко. Постојат многу причини за изолацијата, но ние овде ќе ги разгледаме сомо оние што се во тесна врска со образованието, пребарувајќи аргументи дека образованието може да биде значаен фактор за излез од сегашната состојба на изолација и безперспективност.

## Наднационалениот карактер на образованието

Како што веќе напоменавме една од најзначајните мисии во класичниот систем на образование била јакнењето на свеста за националната припадност т.е. градењето на националниот идентитет. Меѓутоа, денес значењето на нациите е намалено иако светот е сеуште поделен на нации и држави. Аналитичарите на глобализацијата укажуваат на крајот на државите-нации, за лимитираната улога на националните политики и за зависноста на националните економии. Исто така. националните граници веќе во никој случај не се гаранција за безбедноста и сигурноста на земјата, ниту се рамка за развојот на националната економија. Глобализацијата не ја менува само смислата за географија, создавајќи ја потребата од поинаква перцепција на локалното и глобалното, туку ја менува и перцепцијата на поимите моќ, политика, држава, економија, пазар и слично.

Во новите услови образовниeто не ги губи своите стари функции. Ако тоа било мошне успешно во градењето на националниот идентитет, може да биде исто така успешно во градењето нов вид на идентитет што ќе се однесува за поширок географски и социјален простор. Во тој контекст се зборува за т.н. глобално образование што ќе дефинира нови значења, односно на старите симболи ќе надоврзе нови, на старите модели на однесување ќе ги додаде новите.

Не помалку и денес, во услови на глобализација, е значајна функцијата на образованието за стекнување нови знаења. Старите сознанија што ни доаѓаат од практиката на идеологијата на социјалистичките општества веќе не се делотворни. Новата реалност се базира на поинакви сознанија, а глобалниот пазар бара нови вештини и знаења за нови занимања. Всушност дене,с е уште

повеќе потенцирана оваа мисија на образованието т.е. да се знае за да се делува. Ова особено е засилено во услови во кои делуваат новите економии. Растечките процеси на приватизацијата го зајакнува идеалот за слободен пазар и идеалот за свет без граници, каде акцентот се става на човечките ресурси. Личностите кои успешно делуваат во модерниот свет се личности ослободени од културното и идеолошко наследство, подготвени да делуваат со своите вештини на било кој пазар на земјината топка.

## Образованието и евроинтеграциите

Речиси сите позначајни актери во Република Македонија (политичарите, стопанствениците, професорите, студентите, учениците и т.н.) се согласни со тоа дека излезот од изолацијата во која се најде нашата земја, поврзувајќи го решавањето на натрупаните економски, социјални, политички и други проблеми со интегрирањето во Европската унија. Овде станува збор за едно општо прифаќање на интеграцијата без да се имаат попрецизни претстави за тоа дека прифаќањето на интегрциите значи, пред с#, прифаќање на алтернативите за градење на општеството според принципите на кои се граделе општествата кои се сега членки на ЕУ.

Во овој контекст се поставува прашањето: која е таа инстанца која треба да ги развие и дефинира подетално алтернативите за градење на општеството според принципите на ЕУ. На овој план, во Република Македонија најголема спремност и отвореност досега покажаа универзитетите. Имено, на неколку факултети т.е Правниот, Економскиот и Филозофскиот факултет беа отворени постдипломски студии за Европеистика, односно Европски студии кои веќе имаат профилирано специјалисти за овој домен. Всушност, оваа интегративна, улога на универзитетите не е нова и не е карактерситична само за нашата средина. По Втората светска војна универзитетите во Западна Европа беа место каде што се градеше и се презентираше концептот за европските интеграции. Со Болоњската конвенција од 1999 година, потпишана од европските министри за образование, се потенцира значењето на високто образование во процесите на евроинтеграциите.

Универзитетите се мошне значајни медијатори во интеграциите и тоа од повеќе причини:

1. Ја стимулираат и подржуваат комуникацијата и соработката меѓу универзитетските кадри. За знаењето и иновациите веќе нема граници, а универзиттот успешно ги гради коридорите преку кои знаењата и иновациите циркулираат. Универзитетите во Република Македонија имаат солидна инфраструктурна база за тоа, која не се забележува на ниедно друго рамниште во образованието. Конекцијата со другите универзитети и отворањето биле приоритет на секоја високообразовна институција. Денес деканите претставувањето на сопствените факултети го започнуваат со бројката на воспоставени конекции и потпишани меѓууниверзитетски договори со универзитетите низ целиот свет.

2. Интегрирањето на универзитетите, институционалната размена на сите нивоа и градењето заеднички курикулуми ја потенцираат интегративната улога на универзитетите. Соработката во образованието придонесува за надминувањето на разликите, за приближување и повисок степен на интеграција, не само на универзитетско ниво, туку и пошироко. Создавање на европски систем за високо образование, за што се залага и Болоњскиот процес овозможува изградба на еден мошне флексибилен систем на образование кој уште повеќе ќе го намали значењето на границите зголемувајќи ја меѓународната компетитивност и спремност да се оствари занимање во било кој дел на Унијата.

3.Високото образование во нашата земја се стекнува и со други функции што ги нарекуваме латентни. Кога зборуваме за автономијата на универзитетите секако мислиме на извесен степен на релативна автономија, бидејќи во никој случај не можат да се елиминираат влијанијата што доаѓаат од поширокиот општествен контекст. Така, на пример, поради високата стапка на невработеност образованието станува уште една општествена институција која решава економски и социјални проблеми. Големиот интерес за студирање и големиот број на студенти што се запишуваат на универзитетите ги одложуваат, за извесен период, тензиите од малите можности за вработување. Тука би го

споменале и големото влијание на културата. Имено, кај нас сеуште училиштето, веројатно под влијание на старот грчко сфаќање каде schola значело неработење (leasure), значи можност да се избегне тешката работа. Па така, до скоро им се велело на децата: "учи за да не работиш". Ова значи дека кај македонската популација сеуште доминираат прединдустриските, аграрните претстави за трудот и работењето. Според тоа, концептпт за место во општеството преку образованието сеуште го нема значењето на еден професионален концепт. Концептпт за трудот е концепт на стабилно, лежерно работно место на кое треба поединецот комотно да се чувствува.

4. Приватни високообразовни институции. Факт е дека во моментов штотуку почнува растежот на приватните инситуции во овој домен. Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово е само почеток т.е. репер врз кој ќе растат многу други институции од овој ранг. Сепак, овој универзитет има и други функции што не се забележуваат на другите високообразовни институции во Македонија, од каде и потекнува сеуште големата дистанцираност спрема него. Пазарот на дипломи од високото образование е прилично автономен во однс на другите процеси во општеството. Големиот интерес за студирање на факултетите за општествени науки значи дека сепак во доменот на општествените дејсноти е поголема перспективата за вработување. Мотивацијата за вработување во државната администрација е водечка во сегашните услови, одкаде потекнува и интересот за студирање на општествените науки. Студиите за отворање на факултети за профилирање на кадри за јавната администрација ја следат истата мотивација.

## Европските интеграции и средното образование во Република Македонија

Анализата на средното образование ќе ја започнеме со констатацијата дека инститиуциите во кои се остварува средното образование не ја развиле улогата на интегратори, онаа што универзитетот веќе ја има стекнато. Од едно акционо истражување кое го спроведовме во текот на првото полугодие

од оваа учебна година во неколку средни училишта во Република Македонија можеме да констатираме неколку значајни проблеми:

1. Иако наставните програми за предметите низ кои се изучува општествената проблематика се скорешни (социологија, историја, право, граѓанско образование) проблематиката која се однесува на ЕУ и интеграцијата не е застапена ниту на елементарно ниво. Така, учениците, особено оние во внатрешноста на земјата имаат мали можности да се запознаат со тоа што претставува ЕУ и кои се принципите врз кои таа се градела. Малите можности се придружени со многу неразвиена инфраструктура т.е. немање пристап кон интернет и немање современа литература која ќе ги надополни и коригира однапред подготвените програми од страна на Министерството за образование.

2. Иако професорите во средното образование се значајни актери, особено во локалните средини, нивното делување е лимитирано. Уште на самиот почеток на проектот, во фазата на излагање на основната цел, забележавме дека најпрво била неопходна обука на самите професори за содржини од ЕУ интеграциите, а потоа за учениците. Преку реализираниот проект за прв пат беше дистрибуирана литература за ЕУ во некои од гимназиите низ внатрешноста на Македонија. Мора да се напомене дека кај наставниците и кај директорите постоеше висок степен на прифатеност на целите на проектот како и подготвеност за стекнување нови сознанија поврзани со ЕУ интеграциите. Тоа н# наведе на заклучок дека во овие средини постои висок степен на прифатеност на идејата за интегрирање на Македонија со ЕУ.

3. Слаба меѓусебна поврзаност и соработка на училиштата во средното образование. Македонија е мала земја, со мала територијална оддалеченост, но со голема инситуционална дистанца. Речиси не постои никаков облик на размена меѓу сродни училишта од два соседни града. Иницијативи секогаш се чекаат од централно ниво (од државните институции), иницијативи кои не доаѓаат така често. Веќе споменатиот проект укажа на фактот дека се нопходни ургентни мерки за меѓусебно поврзување на училиштата. Не постојат социјални манифестации кои ќе влијаат на интегрирањето и создавање социјални врски најпрво во локалната средина, а потоа и пошироко. Како е можно да се сфати

еден широк и меѓународен процес на интегрирање, доколку не постои размена и меѓусебна упатеност на поединците во локалните средини.

4. Во средното образование доминира една од функциите на образование која можеме да ја дефинираме како функција која посебно ја стимулира компетитивноста т.е натпреварот. Се забележува целосна инструментализација на образованието и тоа спрема самото образование. Тоа значи дека наместо развој на способности и знаење кое ќе му овозможи на поединецот делување во околината, поединецот е речси целосно насочен кон самиот школски ситем (можеби и општеството). Така учниците не учат за знаење, не учат за занимање и тоа што занимањето го бара (вештините), туку учи за оцена. На тој начин, на втор план се потиснуваат не само знаењето кое треба да резултира од учењето туку и поттикнување на креативноста, критичкото мислење и смислата да се делува во околината.

5. Поради сраснатоста на средното образовние со државните инсититуции многу почесто во него се реализираат дневните политики, со што средните училишта стануваат места за партиски маркетинг. Тоа е поради уште еден мошне значаен факт, а тој е дека по паралментарните избори има промена на директорите според нивната партиска припадност. Тука е поткопана основната интегративна функција на образованието, давајќи и посебно значење на политката, со што овие институции стануваат поле на политчката арена. Уште посложена на овој план е ситуацијата во основното образование.

## Референци:

Haralambos M., D. Holborn, Sociologija, 2002, Zagreb

Извештај од проектот "Знаејќи повеќе за Европа и Европската унија, знеме повеќе за нас." Декември 2003 година, Сектор за ЕУ интеграции при Владата на Република Македонија. Раководител на проекот проф. д-р Милева Ѓуровска.